Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 14.07.2023

На 13.07.2023, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода Ј.Ф.(24) од Скопје, поради тоа што управувал електричен велосипед за кој постоело сомнение дека потекнува од кривично дело „кражба". Со него бил извршен службен разговор во кој признал уште едно дело „кражба", при што на 09.07.2023 на бул.„Никола Карев" одзел електричен тротинет, а електричниот велосипед бил вратен на сопственикот. Подоцна, со судска наредба, бил извршен претрес во домот на Ј.Ф., при што биле пронајдени и одземени ловечка пушка, повеќе ловечки патрони, рамка за пиштол и други делови за пиштол. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (14.07.2023) во 06.30 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Ј.(30) од Скопје. При претрес во неговиот дом во с.Волково, скопско, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и фиксирачки материјали. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.07.2023 околу 15.40 часот во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 66-годишниот тетовец Р.М.. Тој се сомнича дека претходно извршил кражба, при што одзел личен предмет од една жена. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственичката, а лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против Р.М. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.07.2023 околу 22.55 часот на улица „Живко Брајковски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, ги лишиле од слобода Р.Б.(39) од Гостивар, И.И.(44) од Скопје и М.К.(35) од Скопје, затоа што при преглед кај нив и во патничкото возило „даеву калос" со скопски регистарски ознаки, во кое се превезуваше, биле пронајдени марихуана и амфетамин. Тројката биле задржани во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот, по што ќе им бидат изготвени поднесоци.

Денеска (14.07.2023) во 01.30 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.Н.(23) од гостиварско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 13.07.2023 на ул.„Илинденска" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода К.С.(22) и Ф.Ј.(27), двајцата во Битола, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 13.07.2023 околу 18.00 часот на улица „Благоја Тоска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 58-годишниот тетовец Ш.Б., затоа што кај него бил пронајден и одземен кокаин. По документирање на случајот на Ш.Б. ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (13.07.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираше се 222 возачи. Од нив осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 93 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 129 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (13.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 130 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 14 санкции, девет санкции за возење без возачка дозвола, 17 мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се четири мерки за користење мобилен телефон при возење, две санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, четири санкции за некористење сигурносен појас...

На 13.07.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 26 прекршоци, од кои 12 во населено место и 14 надвор од населено место. Санкционирани биле и 27 други видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, 4 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 5 за некористење сигурносен појас, 4 за некористење заштитен шлем и 3 за непропишно паркирање.

На 13.07.2023 во 18.00 часот во ОВР Кавадарци од Општа болница Кавадарци било пријавено дека кај нив се тешки телесни повреди бил донесен З.С.(60) од Демир Капија. Според пријавеното, тој се здобил со повредите на локалниот пат манастир „Св.Магдалена" - Демир Капија, кај место викано „Лаки", откако управувајќи мопед со велешки регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Неготино.

На 13.07.2023 во 23.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопат Скопје-Велес, кај Катланово, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „шкода" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Б.Ј.(53) од Прилеп и патничко возило „рено" со српски национални ознаки, управувано од И.Н.(35) од Република Србија. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатник од возилото „шкода", Г.А.(38) од Прилеп, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 13.07.2023 во 13.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Крсте Мисирков" во Скопје, патничко возило „опел астра" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Д.(18) од Скопје, удрило во тротинет, управуван од К.Т.(36) од Скопје. Во несреќата К.Т. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 13.07.2023 во 18.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Перо Наков" и ул.„Боривое Милошевиќ" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „цитроен", управувано од Ѓ.И.(28) од Скопје и мотоцикл „сузуки", управуван од А.С.(45) од с.Арачиново, скопско, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Увид на местото извршила екипа на СВР Скопје.

На 13.07.2023 во 20.25 часот во Полициската станица Центар, И.Р.(31) од Скопје пријавила дека во трговски центар на подрачјето на Центар нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 13.07.2023 во 12.15 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, З.Б.(66) од Скопје пријавил дека на ул.„Хаџи Јован Шишков" бил каснат од куче скитник.

СВР Битола до Основното јавно обвинителство Битола поднесе кривична пријава против А.В.(20) од Кичево, поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност", казниво по член 288 од Кривичниот законик. Имено, на 11.07.2023, во периодот од 19.00 до 19.20 часот, во Казнено-поправната установа Затвор Битола, приведениот предизвикал пожар во келијата каде издржал казна притвор, при што просторијата била опожарена, а биле оштетени и други простории во притворското одделение.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.А.(38) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа", казниво по член 378 од Кривичниот законик. Приведениот набавил фалсификувана македонска возачка дозвола за управување на моторни возила од А и Б категорија со негови лични податоци и таквата возачка дозвола во текот на 2022 година ја приложил како вистинита заради замена кај надлежните институции на Италија.

На 13.07.2023 од 14.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола на електрични тротинети, трицикли и четирициклИ. При контролата биле откриени и санкционирани вкупно 14 прекршоци (ТЕ), од кои 5 се однесувале на лица кои управувале електрични тротинети, а исто така, санкционирани се и 11 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-З и ГВ-8), кои се закоркусени со соодветни поднесоци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против З.Ш.(42) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „измама". Во текот на декември 2022 година, приведената во два наврати довела во заблуда две лица од Радовиш дека ќе им посредува за добивање на бугарско државјанство, за што побарала и зела различен паричен надомест од лицата, во вкупен износ од 3.500 евра.

На 14.07.2023 во Ресен, полициски службеници од ОВР Ресен пронашле патничко возило „волксваген" со ресенски регистарски ознаки натоварено со огревни дрва без жиг и соодветна документација. Исто така, денеска во с.Ропотово, полициски службеници од ОВР Прилеп пронашле товарно возило „мерседес" со струшки регистарски ознаки натоварено со огревно дрво. Дрвната маса била одземена и предадена Шумска полиција за понатамошно постапување. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.07.2023 во 08.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локалниот пат во с.Орашац, кумановско, товарно возило „даф" со прилколка со кумановски регистарски, управувано од Г.К.(34) од Скопје, излетало надвор од патот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Д.(35) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање на пазар на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 27.06.2023, полициски службеници извршиле преглед над приведениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 14.07.2023 во СВР Скопје било пријавено дека на 02.07.2023 околу 17.55 часот кај Кучевишка Бара, по претходно недоразбирање, едно лице физички ги нападнало А.Ѓ.(46), Е.Ѓ.(44) и Ѓ.Ѓ.(19), сите од Скопје и го оштетило возилото на А.Ѓ.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против А.С.(31) од село Мачево, беровско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 08/09.04.2023 во угостителски објект во Берово, приведениот со стаклен предмет нападнал вработена во објектот.

На 13.07.2023 во 05.10 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека кај брачо Калиманци патничко возило „фиат бравo" со штипски регистарски ознаки, управувано од В.С.(23) од с.Косевица, општина Македонска Каменица, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетен сопатник од Македонска Каменица, констатирани во Медицинскиот центар Штип, а со телесни повреди се здобил возачот и уште еден сопатник А.С.(19) од с.Луковица, општина Македонска Каменица, констатирани во Општата болница Кочани. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Делчево.

На 13.07.2023 во 20.45 часот во СВР Скопје, В.П.(49) од Скопје пријавила дека околу 04.00 часот на подрачјето на Центар нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С.В.(50) и М.В.(27), двајцата од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 02.06.2023 во населба Оризари во Кочани, приведените физички го нападнале Б.А., при што употребиле и тврди предмети.

На 13.07.2023 околу 08.30 часот во СВР Скопје, Ј.К.(26) од Авганистан пријавил дека при транзитирање низ државата, во близина на с.Прждево, демиркаписко, тој лица од Авганистан, кои патувале со него, физички го нападнале и му одзеле пари. Ј.К. бил пренесен во приватно-транзитен центар, а за настанот бил запознаен јавен обвинител. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.М.(38) од село Спанчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност" и против Б.В.(61) од село Спанчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 20.05.2023 пред продавница во селото, Б.М. со воздушна пушка се заканувал на присутните, а по извесен период дошол Б.В. и, по кратка расправија, им се заканувал со метален предмет.

Денеска (14.07.2023) во 08.21 часот во СВР Скопје било пријавено дека во пошта во с.Студеничани дек лица со закана од вработенот одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.Т.(37) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". Приведениот креирал профил на социјална мрежа Фејсбук каде објавувал компромитирачки содржини во врска со неговата поранешна девојка.